Сопственикот односно инвеститорот на објектот за кој се бара одобрение за градење е должен да изработи термотехнички проект за топловодно греење со можност за приклучок кон мрежа за топлификација на Општина Битола како составен дел на основниот проект.

Техничкото решение на термотехничкиот проект да биде прилагодено со можност за поврзување на топловодна мрежа на Општина Битола.

**Член 4**

Оваа одлука се однесува на сите одобренија за градење за градби на територија на Општина Битола кои се во рамки на ГУП на Битола.

Од оваа Одлука се изземаат градби наменети за индивидуално домување со бруто развиена површина до 300м2.

**Член 5**

Можноста за приклучување на објекти кои се надвор од ГУП на Битола на системот на топлификација ќе се дефинира врз основа на изјавен интерес од инвеститорот, а во согласност со можностите за обезбедување на приклучок од страна на ЕЛЕМ Топлификација ДООЕЛ Новаци.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.06.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

1. Ја објавувам Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-907/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12 и 188/13) и член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/12, 17/2013), и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл.Гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.06.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност

на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини.

**Член 2**

I. Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште се движи во зависност од зоната во градот и населеното место и тоа:

I. Во град Битола

За дворни места
-2.000 ден/м$^2$ - 4-та и 5-та зона
-1.200 ден/м$^2$ - 6-та и 7-та зона
-1.000 ден/м$^2$ - 8-та и 9-та зона
- 800 ден/м$^2$ - 10-та и 11-та зона

За градежни парцели
- 4.000 ден/м$^2$ - 4-та и 5-та зона
- 3.000 ден/м$^2$ - 6-та и 7-та зона
- 2.400 ден/м$^2$ - 8-та и 9-та зона
- 1.200 ден/м$^2$ - 10-та и 11-та зона

II. Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште во селата на Општина Битола ќе се движи:

1. ЛАВЦИ, БРУСНИК, БУКОВО, ДИХОВО, ТРНОВО, МАГАРЕВО, Г.ОРИЗАРИ
За дворни места - 600 ден/м$^2$
За градежни парцели - 1.200 ден/м$^2$

2. БРАТИНДОЛ, КРСТОАР, БИСТРИЦА, ЛОГОВАРДИ, Долно ОРИЗАРИ, КУКУРЕЧАНИ, КРАВАРИ
За дворни места - 500 ден/м$^2$
За градежни парцели - 1.000 ден/м$^2$

3. РОТИНО, КРКЛИНО, РАШТАНИ, НИЖЕПОЛЕ
За дворни места - 400 ден/м$^2$
За градежни парцели - 800 ден/м$^2$

4. ЃАВАТО, КАЖАНИ, МАЛОВИШТА, ЦАПАРИ, ОЛЕВЕНИ, КАНИНО, БАРЕШАНИ, ПОРОДИН, ЖАБЕНИ, КАРАМАНИ, ОПТИЧАРИ, ПОЕШЕВО
За дворни места - 300 ден/м$^2$
За градежни парцели - 600 ден/м$^2$

5. РАМНА, ЛЕРА, Г.СРПЦИ, ДОЛЕНЦИ, ДРАГАРИНО, ЦРНОБУКИ, ДРАГОЖАНИ, ТРН, ВЕЛУШИНА, ЛИСОЛАЈ, ЕГРИ,Л ОПАТИЦА
За дворни места - 200 ден/м$^2$
За градежни парцели - 400 ден/м$^2$

6. КРЕМЕНИЦА, ЛАЖЕЦ, ГРАЕШНИЦА, ДРАГОШ, КИШАВА, ОСТРЕЦ
За дворни места - 200 ден/м$^2$
За градежни парцели - 200 ден/м$^2$

7.СВИЊИШТА, СЕКИРАНИ,СНЕГОВО, СТ. ЗМИРНЕВО, ЦРНЕЕЦ, СТРЕЖЕВО, МЕТИМИР,ОБЛАКОВО, ЗЛОКУЌАНИ, ДРЕВЕНИК, Г.ОРЕОВО, ГАБАЛОВЦИ, ГОПЕШ
За дворни места - 100 ден/м$^2$
За градежни парцели - 100 ден/м$^2$

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.06.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

1. Ја објавувам Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште,

шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-907/25
12.06.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12 и 188/13) и член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на РМ“ бр. 54/12, 17/2013), и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл.Гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.06.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини.

### Член 2

Почетната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата по Катастарски Општини во денари за метар квадратен се движи:

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Барешани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Бистрица | 105,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Битола | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Братин дол | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Брусник | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Буково | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Велушина | 60,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Габалавци | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Горно Оризари | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Горно Српци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Горно Орехово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Гопеш | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Градешница | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Дихово | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Доленци | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Долно Оризари | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгош | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Драгарино | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Драгожани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Древени | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Ѓавато | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Егри | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Жабјани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Злокуќани | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Карамани | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Кажани | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Канино | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кишава | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Крклино | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Крстоар | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кременица | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кравари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Кукуречани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Лавци | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Лажец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Лера | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Лисолај | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Логоварди | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Лопатица | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Магарево | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Маловиште | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Метимир | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Нижеполе | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Облаково | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Олевени | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Оптичари | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Острец | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Поешево | 100,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Households Породин | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |
| КО Рамна | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Раштани | 90,00 | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Ротино | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |

| Катастарска Општина | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КО Свињиште | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Секирани | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Снегово | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Ст. Змирнево | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Стрежево | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Трново | 125,00 | 105,00 | 80,00 | 50,00 | 30,00 | | | |
| КО Трн | 80,00 | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | | | |
| КО Цапари | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | 20,00 | | | |
| КО Црнеец | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| КО Црно Буки | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 998 земја | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | 20,00 | | | |
| 999 Земја | 60,00 | 50,00 | 40,00 | 30,00 | 30,00 | | | |

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/27
10.06.2014 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организаци-јата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-907/26
12.06.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 72 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.06.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Битола

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Битола бр. 07-364/3 од 25.02.2008 г. („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 4/08), Одлуката изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општината Битола бр.07-2611/4 од 27.08.2008 („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 14/08), Одлуката изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината Битола бр. 07-478/25 од 16.03.2010. („Службен гласник на Општината Битола“ бр.13/10), и Одлуката изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општината Битола бр. 07–31/16 од 29.11.2012. („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 14/12),

и тоа во членот 8 став 1 точка 1 Секторот за правно нормативни, административни и општи работи се додава нова точка „в“ која гласи:

„в) Одделение за имот и имотно – правни работи“.

**Член 2**

Во членот 8 став 1 точка 2 „Секторот за финансиски прашања“ точките „а“ и „б“ се менуваат и гласат:

„а) Одделение за буџетска координација

б) Одделение за сметководство и плаќања“

Се додава нова точката „д“ која гласи:

„д) Одделение за буџетска контрола“.

**Член 3**

Во членот 9 став 1 после алинеа 16 се додаваат три нови алинеи кои гласат:

„- врши работи од аспект на евидентирање, користење, располагање на недвижен имот сопственост на Општината, согласно закон,

- врши проценки и подготвителни работи за изготвување на предлози за експропријација

- врши работи неопходни за пренесената надлежност на имот сопственост на Република Македонија“.

Алинеа 17 по измените станува алинеа 20.

**Член 4**

После член 11 се додава нов член 11а кој гласи:

„Член 11-а

**1В. Одделение за имот и имотно – правни работи** ги врши следниве работи кои се однесуваат на:

- Евидентирање на недвижен имот и на имотните права и интереси на општината
- Подготвување на план за управување со недевижниот имот на општината,
- Предлагање на мерки за заштита на недвижниот имот и за заштита на имотните права и интереси на општината
- Подготвување на договори за издавање на имот на општината под закуп, продажба на имот на општината како и купување на имот на општината, како и целокупната претходна документација (огласи, објави) и сл.
- врши работи во врска со пренесената надлежност за општината, за имот сопственост на Република Македонија“
- Барање за покренување и учество во постапката за експропријација на недвижен имот заради релизација на работи од јавен интерес
- Други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно закон и подзаконски акти

**Член 5**

Членот 13 се менува и гласи:

„член 13

**2А.Одделение за буџетска координација**

- Го координира процесот за подготвување, изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на општината;

- го координира процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;
- давање предлози за воспоставување/укинување на ex ante финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси од областа на финансиското управување и контрола;
- задолжително дава мислења по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во општината и предлог актите на други субјекти кои имаат или може да имаат финансиски импликации за буџетот на општината;
- изготвува план за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува градоначалникот;
- следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење;
- дава мислење по предлог на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во општината и предлог актите на други субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на општината;
- подготовка на извештај за реализирани програми, проекти и договори;
- подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;
- вршење на самопроценки на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола, и
- подготовка на Годишниот финансиски извештај од член (47) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.“

**Член 6**

Во членот 14 називот на одделението се менува и гласи; „Одделение за сметководство и плаќања“

**Член 7**

После член 15а се додава нов член 15 б, кој гласи:

„член 15 б

**2.Д Одделение за буџетска контрола**

- контрола на извршувањето на буџетот;
- контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на финансиското управување и контрола);
- следење на реализацијата на договорите за јавните набавки и спроведува ex ante и ex post финансиска контрола - вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки, испратници, работни налози, приемници и друго и нивна усогласеност со договорот за јавни набавки);
- изготвување на информации и извештаи за извршувањето на буџетот;
- следење и примена на законската регулатива (закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упатства) од областа на финансиското управување и контрола, и
- контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврските

**Член 8**

Во член 16 став 1 алинеа 26 - „пресметка на надоместок;“
и алинеа 29- „проценки и подготвителни работи, за изготвување на предлози за експропријација“
се бришат.

**Член 9**

Во членот 18 алинеа 27 зборовите „пресметка на надоместок“ се бришат.

Алинеа 30 „-проценки и подготвителни работи за изготвување на предлози за експропријација“ се брише.

**Член 10**

Во член 32 став 6по зборовите „Командир на ТППЕ Битола“ се додаваат зборовите „Заменик командир на ТППЕ“.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“, а ќе се применува по добиената писмена согласност од страна на Агенцијата за администрација.

Бр.07-13/28
10.06.2014 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-907/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.06.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола се разрешуваат членовите Јулијана Силјановска и Васко Ковачевски, а на нивно место се именуваат Златко Ќурчиевски и Благица Гилевска, членови на Советот на Општината Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.06.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за вршење надзор над материјално-финансиското работење на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Комисијата за вршење надзор над материјално-финансиското работење на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-907/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.06.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Комисијата за вршење надзор над материјално-финансиското работење на Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за вршење надзор над материјално-финансиското работење на Советот на Општината Битола се разрешува членот Васко Ковачевски, а на негово место се именува Александар Касапов, член на Советот на Општината Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.06.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Комисијата за правата на децата на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Комисијата за правата на децата на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-907/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р Македонија“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.06.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување член во Комисијата за правата на децата на Советот на Општината Битола

1. Од Комисијата за правата на децата на Советот на Општината Битола се разрешува членот Јулијана Силјановска, а на нејзино место се именува Благица Гилевска, член на Советот на Општината Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-13/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.06.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на трајно користење недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за давање на трајно користење недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-907/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 22 став 1 точка 36 и член 70 од Статутот на Општи-

ната Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седница, одржана на 10.06.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на трајно користење недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок

**Член 1**

Со оваа одлука на ЈП„Пазари“Битола му се дава на трајно користење градскиот реонски пазар на Ул.Васко Карангелевски и тоа:

Плато за зелен пазар, деловни простории на управа на пазарот, јавен санитарен чвор, асфалтни улици и паркинг, една електро соба, скали и лифт до приземје, просторија за топлотна подстаница, сите со локација во сутерен, три електро соби, 4 остави за чистење, санитарен јазол со јавен тоалет, пасажи и скали, сите со локација во приземје, 4 остави за чистење, 3 електро соби, галериска пешачка патека и покриени тераси – сите лоцирани на кат, како и кровната конструкција на локалите, громобранска инсталација, хидранти и инсталација за ПП заштита, зелени површини за жардинери, пристапни патишта, електрична инсталација за заеднички електро потреби, инсталација за парно греење, водоводна инсталација, каналаизациона (фекална и атмосферска) мрежа, сервисни улици и ограда, сите детално пропишани во техничките податоци на објектот, без надоместок.

**Член 2**

Се одобрува користење на дел од паркинг просторот за продажба на земјоделски производи од камион на источниот дел од паркингот на регионалниот пазар на 25 продажни места.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е ценовникот за наплата на надоместок за користење на услугите во градскиот реонски пазар.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола “.

Бр.07-13/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.06.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за ослободување од обврската за плаќање на концесиски надоместок за користење на градскиот реонски пазар

1. Ја објавувам Одлуката за ослободување од обврската за плаќање на концесиски надоместок за користење на градскиот реонски пазар, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-907/31 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 9 од Законот за комунални дејности (“Службен весник на РМ“ бр.95/2012), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 22 став 1 точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл.Гласник на Општина Битола“ Бр.10/05), Советот на Општина Битола на седница, одржана на 10.06.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за ослободување од обврската за плаќање на концесиски надоместок за користење на градскиот реонски пазар

**Член 1**

Со оваа Одлука се ослободува од обврската за плаќање на концесиски надоместок ЈП „Пазари“ Битола.

**Член 2**

Ослободувањето од обврската за плаќање на концесиски надоместок се однесува за периодот до кога ЈП „Пазари“ Битола времено го користи градскиот реонски пазар, до влегување во сила договорот за трајно користење.

Ослободување од обврската за плаќање на концесиски надометок е во износ од 396.480,оо денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-13/33 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.06.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Пазари“ - Битола за утврдување на Ценовник за наплата на надоместок за користење на услугите во Градскиот реонски пазар

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Пазари“ – Битола за утврдување на Ценовник за наплата на надоместок за користење на услугите во Градскиот реонски пазар, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-907/32 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпијатија („Службен весник на РМ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13 и 41/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.06.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Пазари“ - Битола за утврдување на Ценовник за наплата на надоместок за користење на услугите во Градскиот реонски пазар

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Пазари“ Битола бр. 02-120/7 од 12.05.2014 година за утврдување на Ценовник за наплата на надоместок за користење на услугите во Градскиот реонски пазар.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-13/34 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.06.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 155/13,163/13 и 42/14) Градоначалникот на Општина Битола донесе:

**О Д Л У К А**
**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**
**По Нацрт Детален урбанистички план за**
**"ДУП за Североисточна станбена зона " Триаголник" Блок 2 – Општина Битола,**

Член 1

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета за донесување на **"ДУП за Североисточна станбена зона " Триаголник" Блок 2 – Општина Битола,**

Член 2

Соопштение за јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавено во дневен печат "Дневник" и „Битолски весник".

Член 3

Јавната презентација ќе се одржи на ден **19.06.2014 г.** во **11.00** часот во Салата на Советот на Општина Битола, на ул. Бул. 1 ви Мај бр.61, а јавната анкета ќе започне од 19.06.2014 год. и ќе трае до 03.07.2014 г. година.

Член 4

Нацртот на Планот, ќе биде изложен на јавно место во Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај„ бр.61 каде заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки секој работен ден од 13 до 16 часот.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во („Службен гласник" на Општината Битола)

08-905
12.06.2014 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Владимир Талески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

# С О Д Р Ж И Н А

ОДЛУКА за склучување договори на Општина Битола со ЈКП „Водовод“ - Битола за реализирање на Програмата донесена од Советот на Општина Битола за изведби и реконструкции на водоводни мрежи со примена на член 10-а од ЗЈН ........................... 329

РЕШЕНИЕ за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ – Битола за усвојување на Ценовник за изведување на градежни и монтажни работи .. 330

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ Битола за 2013 год. ........................................... 331

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито“ Битола за 2013 год. ........................................... 331

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско училиште „Таки Даскало“ Битола за 2013 год. 332

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско земјоделско училиште „Кузман Шапкарев“ Битола за 2013 год. ........................................... 333

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско економско училиште „Јане Сандански“ Битола за 2013 год. ........................................................ 333

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Средното општинско техничко училиште „Ѓорги Наумов“ Битола за 2013 год. ........................................................ 334

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Елпида Караманди“ Битола за 2013 год. ........................................... 334

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола за 2013 год. ......................... 335

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Стив Наумов“ Битола за 2013 год. ........................................... 336

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Кирил и Методиј“ Битола за 2013 год. ........................................... 336

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Гоце Делчев“ Битола за 2013 год. ........................................... 337

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Ѓорги Сугарев“ Битола за 2013 год. ........................................... 337

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Коле Канински“ Битола за 2013 год. ........................................... 338

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Александар Турунџев“ с. Кукуречани за 2013 год. .............. 338

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Тодор Ангелевски“ Битола за 2013 год. ........................................... 339

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Даме Груев“ Битола за 2013 год. ........................................................ 339

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Крсте Петков-Мисирков“ с. Бистрица за 2013 год. ................ 340

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на ОУ „Св. Климент Охридски“ Битола за 2013 год. ......................... 341

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола за 2013 год. ................. 341

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Завршната сметка на Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Мајски Цвет“ Битола за 2013 год. ................................. 342

О Д Л У К А за комплетирање на основен проект при издавање на одобрение за градење со термотехнички проект за топловодно греење ........................................................... 342

О Д Л У К А за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини ...................................... 343

О Д Л У К А за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општината Битола по Катастарски Општини ...................................... 345

О Д Л У К А за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на

општинската администрација на Општината Битола .......... 347

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите на Советот на Општината Битола .......... 350

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Комисијата за вршење надзор над материјално-финансиското работење на Советот на Општината Битола .......... 350

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Комисијата за правата на децата на Советот на Општината Битола .......... 351

О Д Л У К А за давање на трајно користење недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок .......... 352

О Д Л У К А за ослободување од обврската за плаќање на концесиски надоместок за користење на градскиот реонски пазар .......... 353

РЕШЕНИЕ за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Пазари“ – Битола за утврдување на Ценовник за наплата на надоместок за користење на услугите во Градскиот реонски пазар .......... 353

О Д Л У К А за организирање на јавна презентација и јавна анкета по нацрт Детален урбанистички план за „ДУП за Североисточна станбена зона „Триаголник“ Блок 2 - Општина Битола .......... 354

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211